Влада на Република Северна Македонија
**МИНИСТЕРСТВО ЗА ПРАВДА**

**ПРИЛОГ**

# ИЗВЕШТАЈ ЗА ПРОЦЕНКА НА ВЛИЈАНИЕТО НА РЕГУЛАТИВАТА

| | |
|---|---|
| Назив на министерство: | Министерство за правда |
| Назив на предлогот на закон: | ПРЕДЛОГ НА ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА НАЦИОНАЛНАТА ИНФРАСТРУКТУРА НА ПРОСТОРНИТЕ ПОДАТОЦИ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА |
| Одговорно лице и контакт информации: | cabinet@mjustice.gov.mk |
| Вид на Извештај: | ☐Нацрт<br>☒Предлог |
| Обврската за подготовка на предлогот на закон произлегува од: | ☐ Годишна програма за работа на Владата на Република Северна Македонија<br>☐ НПАА<br>☒ Заклучок на Владата на Република Северна Македонија<br>☐Друго ____________ |
| Поврзаност со Директивите на ЕУ: | Не |
| Дали нацрт извештајот содржи информации согласно прописите кои се однесуваат на класифицираните информации: | ☐Да<br>☒Не |
| Датум на објавување на нацрт Извештајот на ЕНЕР: | 2020 година |
| Датум на доставување на нацрт Извештајот до Министерството за информатичко општество и администрација: | 2020 година |
| Датум на добивање на мислењето од Министерството за информатичко општество и администрација: | |
| Рок за доставување на предлогот на закон до Генералниот секретаријат | 2020 година |

Влада на Република Северна Македонија
**МИНИСТЕРСТВО ЗА ПРАВДА**

## 1. Опис на состојбите во областа и дефинирање на проблемот

### 1.1 Опис на состојбите

Воспоставувањето на националната инфраструктура на просторни податоци (НИПП) во Република Северна Македонија е регулирано со Законот за националната инфраструктура на просторните податоци на Република Македонија („Службен Весник на Република Македонија" бр. 38/14 и 106/16). Во Законот е транспонирана европската директива INSPIRE (2007/2/ЕС) со која се регулира воспоставувањето на инфраструктурата на просторни податоци во Европската заедница.

Целта на воспоставувањето на НИПП е олеснување на пристапот, размената, употребата и дистрибуцијата на стандардизирани гео-просторни податоци и услуги на ефикасен, ефективен и усогласен начин. Во НИПП, согласно Законот членуваат 20 институции: Министерството за правда, Министерството за одбрана, Министерството за внатрешни работи, Министерството за економија, Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, Министерството за локална самоуправа, Министерството за култура, Министерството за транспорт и врски, Министерството за животна средина и просторно планирање, Министерството за информатичко општество и администрација, Министерството за политички систем и односи меѓу заедниците (Секретаријатот за спроведување на Рамковниот договор), Државниот завод за статистика, Агенцијата за катастар на недвижности-директорот, Агенцијата за планирање на просторот, Централниот регистар на Република Северна Македонија, Центарот за управување со кризи, Градот Скопје, Стопанската комора на Република Северна Македонија (Здружение на комунални дејности или Здружение на информатичко-комуникациски технологии), Геолошки завод на Република Северна Македонија и Сојуз на стопански комори.

Во законот се дефинирани и роковите до кога надлежните институции требаше да извршат целосно усогласување со одредбите од законот. Со оглед на фактот што роковите пропишани во членот 36 од Законот се истечени, а институциите сеуште не постапиле по одредбите од Законот, се оцени за потребно да се определат нови рокови во кои Субјектите-институциите во НИПП тие ќе извршат дигитализација на гео-протсрните податоци со кои располагат и истите ќе ги направат достапни на националниот НИПП геопортал.

### 1.2 Причини за проблемите кои се предмет на разгледување

Покрај истечените рокови за усогласување со законските одредби, друга причина за законските измени е досегашната непрецозирана определба за тоа кои збирки на просторни податоци дефинирани во членот 5 од Законот се во надлежност на кој Субјект-институција во НИПП, иако секој Субјект треба да знае со кои/какви податоци располага, односно кои податоци се во негова надлежност. Проблемите кои се предмет на разгледување произлегуваат и од потребата за востановување на Регистар на збирки на просторни податоци и зголемување на бројот на гео-просторни податоци на НИПП геопорталот.

## 2. Цели на предлог регулативата

Целта на предлог Законот е да се создадат правни претпоставки за воспоставување на Регистарот на збирки на просторни податоци, да се зголеми бројот на Субјекти во НИПП со вклучување на три релеванитни институции, потоа да се воведат прекршочни одредби за непостапување, односно неприменување на одредбите од законот и да се дефинираат нови рокови за дигитализација на гео-просторните податоци и нивна на достапност преку националниот НИПП геопортал, но и да се допрецизираат одредени одредби во Законот во насока на подобрување на текстот на Законот и негова непречена примена.

## 3. Можни решенија (опции)

### 3.1 Опис на решението „не прави ништо"

Доколку не се донесе предложениот Закон, нема да се надминат досегашните практични проблеми во примената на Законот.

3.2 Опис на можните решенија (опции) за решавање на проблемот

Најсоодветно решение заради надминување на наведените слабости е да се донесе предложениот закон.

## 4. Проценка на влијанијата на регулативата

Можни позитивни и негативни влијанија од секоја од опциите:

4.1 Економски влијанија

4.2 Фискални влијанија

4.3 Социјални влијанија

Предложените законски одредби ќе ја зголемат достапноста до гео-просторните податоци во Република Северна Македонија.

4.4 Влијанија врз животната средина

Предложените законски одредби ќе овозможат користење на гео-просторните податоци во заштита на животната средина

4.5 Административни влијанија и трошоци –

а) трошоци за спроведување

б) трошоци за почитување на регулативата

## 5. Консултации

5.1 Засегнати страни и начин на вклучување

Во текот на подготовката на Предлог Законот, земени се предвид сугестиите од страна на Субјектите во НИПП.

5.2 Преглед на добиените и вградените мислења

5.3 Мислењата кои не биле земени предвид и зошто

## 6. Заклучоци и препорачано решение

6.1 Споредбен преглед на позитивните и негативните влијанија на можните решенија (опции)

6.2 Ризици во спроведувањето и примената на секое од можните решенија (опции)

6.3 Препорачано решение со образложение

Предлогот на Законот за изменување и дополнување на Законот за националната инфраструктура на просторните податоци на Република Северна Македонија кој содржи 10 члена, да се донесе. Со неговото донесување се очекува исполнување на обврските за дигитализација на гео-просторните податоци од страна на институциите-Субјекти во НИПП и зголемување на бројот на гео-просторни податоци на НИПП геопорталот.

## 7. Спроведување на препорачаното решение

7.1 Потреба од менување на закони и подзаконска регулатива во областа или други сродни области

7.2 Потребни подзаконски акти и рок за нивно донесување

7.3 Органи на државната управа, државни органи и други органи надлежни за Спроведување

Министерството за правда, Министерството за одбрана, Министерството за внатрешни работи, Министерството за економија, Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, Министерството за локална самоуправа, Министерството за култура, Министерството за транспорт и врски, Министерството за животна средина и просторно планирање, Министерството за информатичко општество и администрација, Министерството за политички систем и односи меѓу заедницит, Државниот завод за статистика, Агенцијата за катастар на недвижности, Агенцијата за планирање на просторот, Централниот регистар на Република Северна Македонија, Центарот за управување со кризи, Градот Скопје, Геолошкиот завод на Република Северна Македонија, Стопанската комора на Македонија и Сојузот на стопански комори на Македонија.

7.4 Активности за обезбедување на ефикасно спроведување на предлогот на закон

Обуки кои ќе бидат спроведени преку Агенцијата за катастар на недвижности.

## 8. Следење и евалуација

8.1 Начин на следење на спроведувањето

8.2 Евалуација на ефектите од предлогот на закон и рокови

### Изјава од државниот секретар

**Нацрт Извештајот за проценка на влијанието на регулативата е изготвен во согласност со Методологијата за проценка на влијанието на регулативата. Тој дава реална проценка на можните влијанија и очекуваните ефекти, како и трошоците кои се однесуваат на секоја од утврдените можни решенија (опции) за решавање на проблемот.**

**Датум:**_____________

..............................................
**потпис на државен секретар**

Влада на Република Северна Македонија
МИНИСТЕРСТВО ЗА ПРАВДА

| Изјава од министерот |
|---|
| Врз основа на резултатите од анализите прикажани во Извештајот за проценка на влијанието на регулативата сметам дека препорачаното решение (опција) претставува најдобар начин за решавање на проблемот и постигнување на очекуваните ефекти на најекономичен начин. |
| Датум: 01. 12. 2020 ..................... потпис на министерот |